# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 12.11.2009 година

**Заклучоци и препораки од 16.седница на НСП**
одржана на ден 16.10.2009 година

1. **Усвојување на записникот од 15.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои записникот од 15.седница на НСП.

2. **Разгледување на извештаите на Работните Групи за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година.**

НСП ги разгледа и усвои третите извештаи на работните групи, со следните заклучоци и препораки:

2.1. по предлозите за кои е потребна натамошна активност до дефинирање на конкретни предлог инструменти и носители, **работните групи да продолжат со работа согласно Планот на активности** по третите извештаи на Работните Групи за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година, даден во **Прилог 1** и е составен дел на Заклучоците и препораките од 16.седница на НСП;

2.2. предлозите за кои се идентификувани активностите, инструментите и институциите носители, се доставуваат на разгледување и мислење до надлежните институции:
- воведување наплата со платежни картички на услугите од страна на државните органи и институции - **Министерството за финансии** ;
- изземање на неискористениот дел од лимитот по кредитните картички, до определен износ или во целост, од пресметката на резервациите - **НБРМ;**
- организирање на кампања за електронско банкарство, платежни картички, електронско директно задолжување, со цел зголемување на безготовинските плаќања - **Здружението за банкарство и Министерството за финансии;**
- воведување електронска таксена марка и плаќање преку мобилен телефон или картичка **- Министерството за финансии. .**
- дополнително прецизирање на податоците за платежни картички кои ги доставуваат банките до НБРМ **- НБРМ;**
- ревидирање на шифрите на основи од Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата, од аспект на намалување на бројот на шифрите за плаќање и нивно поедноставување - **Министерството за финансии, НБРМ и Здружението за банкарство;**

НСП ги задолжи членовите преставници од Министерството за финансии, НБРМ и Здружението за банкарство, да го информираат НСП за ставот на одделните институции по дадените препораки, како и можноста и динамиката за нивна имплементација.

НСП ги прифати предложените промени на членовите на РГ номинирани од поедини институции, за што ги задолжи координаторите на работните групи да достават писмено известување, а номинираните членови можат веднаш да се вклучат во работата на работните групи.

**3. Ажурирање на матрицата за следење на имплементацијата на Стратегијата.**

Советот ја прифати ажурираната матрица за следење на имплементацијата на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година.

**4. Извештај за одржаниот семинар со наслов "Втора конференција на финансискиот сектор во Македонија за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност", 29 јуни-01 јули, Охрид**

НСП го усвои извештајот за одржаниот семинар. Советот ја прифати иницијативата на членовите претставници на Здружението на банкарство за ангажирање на предавачи експерти од деловните банките од земји членки на ЕУкои би биле обезбедени преку Здружението на банкарство. Советот препорача идниот семинар (2010 година) во соработка со Централната банка на Холандија да биде во коорганизација на НБРМ и Здружението за банкарство.

Емилија Нацевска, с.р.
Вицегувернер
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи